У-ЦМР 01/2016

Број: 02-3943/16 од 29.12.2016
Датум на примена: 01.01.2017

# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА ПРЕВОЗНИКОТ ВО ДРУМСКИ СООБРАЌАЈ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Во овие услови изразите ќе ги имаат следните значења:

**"осигурувач"** – САВА осигурување а.д. Скопје

**"договорувач на осигурување"** - лице кое со осигурувачот склучува договор за осигурување;

**"осигуреник"** – лице чиј имотен интерес е осигурен. Договорувачот на осигурување и осигуреникот се исто лице, освен при осигурување на туѓа сметка;

**"премија"** - износ кој се задржува, односно плаќа за осигурување по договор за осигурување;

**"лимит на покритие"** - износ на кој имотот, односно имотниот интерес е осигурен, ако од содржината на договорот за осигурување не произлегува нешто друго и преставува максимална обврска на осигурувачот по штетен настан и за времетраење на осигурувањето;

**"превозник"** – физичко или правно лице кое што има лиценца за вршење превоз и го извршува превозот.

**"домашен сообраќај"** - превоз на товар кој што во целост, вклучувајќи и појдовно и одредишно место се врши на територијата на Р. Македонија;

**"меѓународен сообраќај"** - превоз на товар кој што делумно или во целост се врши вон граници на Р. Македонија

**"лист на покритие"** - потврда која привремено ја заменува полисата;

**"полиса"** - документ на договорот за осигурување.

## СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 2**

(1) Договор за осигурување може да склучи лице кое има интерес да не настане осигурен случај, затоа што би претрпел некоја материјална загуба.

(2) Договор за осигурување е склучен кога договорувачите ќе ја потпишат полисата за осигурување или листот на покритие.

(3) Усната понуда направена до осигурувачот за склучување на договор за осигурување не ги обврзува ниту понудувачот, ниту осигурувачот.

(4) Писмената понуда направена на осигурувачот за склучување на договор за осигурување го обврзува понудувачот, ако тој не одредил пократок рок, за време од осум дена од денот кога понудата пристигнала кај осигурувачот.

(5) Ако осигурувачот во тој рок не ја одбие понудата која не отстапува од условите под кои тој го врши предложеното осигурување, ќе се смета дека тој ја прифатил понудата и дека договорот е склучен. Во тој случај договорот се смета склучен кога понудата пристигнала кај осигурувачот.

(6) Ако осигурувачот по однос на примената понуда побара било каква дополна или измена, како ден на приемот на понудата ќе се смета денот кога осигурувачот ја примил бараната дополна или измена, односно кога ќе биде известен за прифаќање на неговите услови.

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 3**

(1) Осигурувањето според овие услови за осигурување ја покрива законската одговорност на превозникот за надомест на штети настанати по негова вина и за времетрање на превозот, кон корисниците на превозот и тоа во случај на:

1) докажана тотална или делумна загуба на товарот;
2) докажано тотално или делумно оштетување на товарот;
3) доцнење со испораката на товарот во случај кога превозникот со започнување на превозот и пристигнување на местото на утовар/растовар задоцнува толку долго што другата страна повеќе нема интерес за договорениот превоз.

(2) Предмет на осигурување се само превозите што се вршат со товарни и влечни возила, приколки и полуприколки што се назначени во полисата за осигурување или во списокот што е составен дел на полисата.

## ОБЕМ НА ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ

**Член 4**

(1) Тесно покритие:

Осигурувачот, согласно овие услови и законската одговорност на осигуреникот за времетраење на превозот, ја покрива штетата што настанала како непосредна последица од:

1) сообраќајна несреќа на превозното средство;
2) пожар или експлозија (освен штетите настанати поради самозапалување или експлодирање на самиот товар);
3) провална кражба или кражба на целото возило со товарот.

(2) Пошироко покритие:

Осигурувачот ја покрива законската одговорност на осигуреникот за штети на товарот за времетраење на превозот согласно член 2 став 1 од овие услови.

(3) Ограничување на осигурителното покритие: Во случај кога е склучена полиса за осигурување со пошироко покритие а Осигуреникот превезува половни, користени или стари предмети обврската на Осигурувачот за надомест на штети е ограничена на тесното покритие согласно став (1) од овој член.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ

**Член 5**

(1) Доколку не е посебно договорено и не е платена дополнителна премија, со осигурувањето не се покриени штетите што поради одговорност на превозникот ќе настанат при превозите со приколки и полуприколки што не се сопственост на осигуреникот.

(2) Доколку не е посебно договорено и не е платена дополнителна премија, со осигурувањето не се покриени штетите што поради одговорност на превозникот ќе настанат на следниве предмети:

1) музејски и уметнички предмети, нумизматички и филателистички збирки и предмети,
2) алкохол, тутун и тутунски производи;
3) копнени моторни возила – нови и половни,
4) живи животни;
5) стари предмети.

(3) Доколку не е посебно договорено и не е платена дополнителна премија, со осигурувањето не се покриени штетите што поради одговорност на превозникот ќе настанат:

1) на товарот кои се последица на расипување на уредот за одржување на температура кај моторни и приклучни возила со разладни уреди – ладилници.
2) на товарот настанати при утовар или истовар од превозното средство, кој што според договорот за превоз треба да го изврши осигуреникот или негов работник.

## ИСКЛУЧУВАЊА ОД ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ

**Член 6**

(1) Осигурувачот не ја покрива штетата што настанала:

1) поради обврските од договорот за превоз или обврските од друг договор кои ги надминуваат законските прописи за одговорноста;

2) поради намерно причинета штета или штета настаната поради невнимание на осигуреникот, неговите помошници, вработени и сите други лица што учествуваат во извршувањe на превозот;

3) доколку осигуреникот или возачот на осигуреното возило возилото го управувал под дејство на алкохол, дрога, психоактивни лекови и други психоактивни материи, освен ако осигуреникот докаже дека штетниот настан не е во никаква врска со тој прекршок;

4) поради надминување на дозволената носивост или другите габарити на возилото, освен ако осигуреникот не докаже дека штетниот настан не е поврзан со тие прекршоци;

5) поради надминување на рокот за испорака, ако тој рок е пократок од вообичаениот рок за превоз за поедини артикли на поедина релација;

6) поради неизвршување на одредбите од договорот за превоз, доколку осигуреникот превозот воопшто не го извршил или на нарачателот на превозот му се јавил со задоцнување;

7) поради тоа што нарачателот не ги извршил обврските одредени во договорот за превоз;

8) поради плаќање на застарени побарувања;

9) за време на натовар и растовар на товарот што ги извршува осигуреникот или лице за кое тој одговара, освен ако не е поинаку договорено и платена дополнителна премија;

10) на товарот поради температурни промени во просторот за товарење на возилата со уред за ладење, доколку возилото нема термограф и уредот за ладење не е одржуван согласно со упатствата на производителот;

11) поради обична кражба, провална кражба и кражба на целото возило доколку возилото за време на штетниот настан не било паркирано на уредено и осветлено паркиралиште и постојано чувано од страна на возачот односно неговиот помошник или без возачот односно неговиот помошник не било паркирано во заклучени гаражи или оградени, заклучени и осветлени дворишта или не било паркирано на паркиралиште што е чувано 24 часа;

12) на товарот при превоз на употребувани предмети доколку пред почетокот на превозот товарот не бил комисиски прегледан од страна на овластен проценител на осигурувачот, фотографиран и правилно амбалажиран.

13) како последица на природни катастрофи (земјотрес, поплава, торнада и циклони, ерупција на вулкани, лизгање и одрон на земјиште, луња, снежна лавина, удар на гром и слични елементарни непогоди).

(2) Осигурувањето не ја покрива ниту:

1) штетата на товарот поради неговите природни својства или мани, како рѓа, корозија, саморасипување, стврднување, стврднување поради заситеност на воздухот со влага и сл.

2) шетата на товарот што е сопственост на осигуреникот, на возачот или совозачот што го превезувале товарот;

3) штетата настаната на поврзани или зависни субјекти на осигуреникот кај кои тој има сопственост повеќе од 25 % односно кога врз основ на законот или внатрешните акти има право односно можност за управување на субјектот;

4) еколошка штета и трошоците поврзани со уништување на отпадоците;

5) штетата поради казни и казнени отштети;

6) штетата поради побарувања за посредна штета како што се загуба на добивка, прекинување на работата и слично;

7) штетата што ќе настане како последица од војна и слични настани, терористички дејства,политички немири, граѓанска војна и слични немири, нуклеарна радијација и радиоактивна контаминација;

8) штетата што е последица на изложеност на магнетно или електромагнетно поле независно од изворот;

9) штетата на товарот натоварен на приколка/полуприколка за време кога таа не е приклучена на товарното возило освен ако приколката/полуприколката не се наоѓа во заклучана гаража или ограден, заклучен и осветлен простор или на паркиралиште што е чувано 24 часа. Истото важи и за друг товар што не се превезува активно и се наоѓа на паркиралиште (контејнери и сл.);

10) полната штета према член 24 на конвенцијата ЦМР и штетата заради посебен интерес по член 26 на конвенцијата ЦМР и согласно со тоа и полната штета и посебниот интерес според домашен закон.

(3) Осигурувачот не ја покрива ниту штетата настаната поради тоа што возачот превозното средство го возел повеќе време отколку што е дозволено според прописите за безбедност во сообраќајот, освен ако осигуреникот не докаже дека штетниот настан не е поврзан со тој прекршок.

(4) Осигурувачот не ја покрива ниту штетата настанатa:

1) при превезување на готови пари, хартии од вредност, благородни метали и предмети изработени од нив, накит и скапоцености

2) при превезување поштенски пратки

3) при превезување на оштетени предмети

4) при превоз на возила со пајак служба или шлеп служба.

## ЛИМИТ НА ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ

**Член 7**

(1) Максималното покритие на осигурувачот по штетен настан не може да го надмине лимитот на покритие што е назначен во полисата за осигурување. Покритие над лимитот може да се склучи посебно со доплаток на премија и тоа само за секој превоз посебно.

(2) Осигурувачот ги покрива и следниве трошоци и ако тие го надминуваат максималното покритие од став 1 на овој член но не повеќе од 10 %:

1) судските трошоци во врска со штетата настанати со цел осигуреникот да се одбрани пред неправедните или претераните побарувања на трети лица како и досудените камати;

2) вистинските трошоци што основано настанале поради спасување (расчистување) на товарот што се превезува.

## ТЕРИТОРИЈАЛНО ПОКРИТИЕ

**Член 8**

(1) Осигурителното покритие важи на територијата на Република Македонија (домашен сообраќај) и за географското подрачје на Европа (меѓународен сообраќај) вклучувајќи го и европскиот дел на бившите држави на Советски сојуз.

## ПРОМЕНА НА ОСОБИНИТЕ НА ВОЗИЛОТО

**Член 9**

(1) Договорувачот на осигурување или осигуреникот е должен веднаш да го извести осигурувачот за секоја промена на особините на возилото (промена на регистрацијата, промена на носивоста и сл.). Доколку тоа не го стори, осигурувачот има право да го одбие оштетното барање за штетата која би се случила во периодот кога осигурувачот не бил известен за промените.

## ОТУЃУВАЊЕ НА ВОЗИЛОТО

**Член 10**

(1) При отуѓување на товарното возило, приколка/ полуприколка, како и при нивно позајмување, издавање во наем, лизинг и слично правата од претходно склучената полиса не се пренесуваат на новиот корисник.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОКОЛНОСТИ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОЦЕНА НА РИЗИКОТ

**Член 11**

(1) Договорувачот на осигурувањето е должен, при склучување на договорот да му ги пријави на осигурувачот сите околности значајни за оцена на ризикот, а што му се познати или не можеле да му останат непознати.

(2) Ако договорувачот на осигурувањето намерно направил неточна пријава или намерно премолчил некоја околност од таква природа, што осигурувачот не би склучил договор ако ја знаел вистинската состојба на работите, осигурувачот може да бара поништување на договорот.
(3) Во случај на поништување на договорот од причините наведени во став 2, осигурувачот ги задржува наплатените премии и има право да бара исплата на премијата за период на осигурувањето во кој побарал поништување на договорот.
(4) Правото на осигурувачот да бара поништување на договорот за осигурување престанува ако тој, во рок од три месеци од денот на дознавањето за неточноста на пријавата или за премолчувањето, не му изјави на договорувачот на осигурувањето дека има намера да го користи тоа право.
(5) Ако договорувачот на осигурувањето направил неточна пријава или пропуштил да го даде должното известување, а тоа не го сторил намерно, осигурувачот може, по свој избор, во рок од еден месец од дознавањето на неточноста или нецелосноста на пријавата, да изјави дека го раскинува договорот или да предложи зголемување на премијата сразмерно со поголемиот ризик.
(6) Договорот во тој случај престанува по истек на 14 дена од кога осигурувачот својата изјава за раскинување му ја соопштил на договорувачот на осигурувањето, а во случај на предлог од осигурувачот премијата да се зголеми, раскинувањето настапува според самиот Закон ако договорувачот на осигурувањето не го прифати предлогот во рок од 14 дена од кога го примил.
(7) Во случај на раскинување на договорот, осигурувачот е должен во рок од 60 дена да го врати делот од премијата што отпаѓа на времето до крајот на периодот на осигурувањето.
(8) Ако осигурениот случај настанал пред да е утврдена неточноста или нецелосноста на пријавата или потоа, но пред раскинувањето на договорот, односно пред постигнување на спогодба за зголемување на премијата, надоместот се намалува во сразмер помеѓу стапката на платените премии и стапката на премиите што би требало да се платат според вистинскиот ризик.
(9) Одредбите од претходните ставови за последиците поради неточна пријава или премолчување на околностите значајни за оцена на ризикот се применуваат и во случаи на осигурување склучени од името и за сметка на друг, или во корист на трет за туѓа сметка, или за сметка на оној на кого се однесува, ако овие лица знаеле за неточноста на пријавата или премолчувањето на околностите значајни за оцена на ризикот.
(10) Осигурувачот, кому во моментот на склучување на договорот му биле познати или не можеле да му останат непознати околностите што се значајни за оцена на ризикот, а кои договорувачот на осигурувањето неточно ги пријавил или премолчил, не може да се повикува на неточноста на пријавата или премолчувањето.
(11) Истото важи во случај кога осигурувачот дознал за тие околности за време на траење на осигурувањето, а не ги користел законските овластувања.

**ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА**
**Член 12**

(1) Договорувачот на осигурувањето е должен да ја плати премијата на осигурувањето, но осигурувачот е должен да ја прими уплатата на премијата од секое лице кое има правен интерес таа да биде платена.
(2) Премијата се плаќа во договорените рокови, а ако треба да се исплати одеднаш, се плаќа при склучување на договорот.
(3) На износот на премијата што се плаќа во договорени рокови може да се пресмета и наплати договорена камата.
(4) Ако договорувачот на осигурувањето не ја плати премијата во договорениот рок, осигурувачот може, покрај главницата, да му пресмета и затезна камата.
(5) Место на плаќање на премијата е местото во кое договорувачот на осигуруваьсто има свое седиште односно живеалиште, ако со договорот не е определено некое друго место.
(6) Ако премијата се плаќа преку пошта, се смета дека договорувачот на осигурувањето со уплата на должниот износ преку пошта ја измирил својата обврска спрема осигурувачот откако во банката на осигурувачот ќе пристигне паричната дознака.
(7) Ако премијата се плаќа со чековна уплатница на одредена сметка на осигурувачот, ќе се смета дека договорувачот на осигурувањето го извршил плаќањето на премијата тогаш кога ќе го уплати должниот износ на чековната уплатница во корист на означената сметка на осигурувачот под услов паричните средства пристигнат на сметката на осигурувачот во банката депонент.

**ВРАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА**
**Член 13**

(1) Осигурувачот ќе го врати делот од платената премија за осигурување за неискористениот период на осигурување, ако осигурениот ризик престане да постои по склучувањето на полисата.
(2) Ако осигурениот ризик престане да постои пред склучувањето на полисата осигурувачот ќе го врати износот на платената премија намален за манипулативните трошоци.
(3) Во другите случаи на прекин на осигурувањето пред крајот на истекот, на осигурувачот му припаѓа премијата до денот на прекинот освен ако не е договорено поинаку.
(4) Независно од одредбите од став 1, 2 и 3 од овој член осигурувачот не му ја враќа платената премија на осигуреникот поради прекин на осигурувањето ако во периодот до прекинот бил пријавен штетен настан.

**ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ КОГА ЌЕ НАСТАНЕ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ**
**Член 14**

(1) Кога ќе настане осигурен случај врз основа на кој се бара надомест од осигурувањето, осигуреникот е должен да постапи на овој начин:
1) веднаш да преземе сé што е во негова можност за да ги ограничи неговите штетни последици и при тоа да се придржува кон упатствата што му ги дал осигурувачот или неговиот претставник;
2) да го извести осигурувачот за настапување на осигурениот случај најдоцна во рок од 3 дена од кога дознал за тоа;
3) што порано, а најдоцна во рок од 3 дена, писмено да ја потврди пријавата направена усно, телефонски, телеграфски или на било кој друг сличен начин;
4) во сите случаи предвидени со прописи, а особено кога штетата е предизвикана од пожар, експлозија, кражба на целото возило, провална кражба и сообраќајна незгода, да пријават на надлежниот орган за внатрешни работи и да се наведе кои предмети се уништени, односно оштетени или се исчезнати при настанувањето на осигурениот случај;
5) веднаш по настанувањето на осигурениот случај, ако е тоа можно, односно кога тоа приликите го дозволуваат, да се поднесе на осигурувачот попис на уништените, односно оштетените предмети со приближно назначување на нивната вредност.
(2) Осигуреникот е должен, независно од рокот во кој ја поднел пријавата за штетата, на претставникот на осигурувачот да му ги даде сите податоци и други докази потребни за утврдување на причината, обемот и висината на штетата. Осигурувачот, исто така, може да бара осигуреникот да прибави и други докази, ако тоа е неопходно потребно и оправдано.
(3) Ако осигуреникот не ја изврши својата обврска за известување на осигурувачот од став 1, точка 2 од овој член, должен е да му ја надомести на осигурувачот штетата која тој би ја имал поради тоа. (4) Осигуреникот или неговото овластено лице се должни секоја видлива штета, што ја покриваат овие услови, да ја евидентираат во записник заедно со приемачот на пратката и за нејзиниот настан да го известат осигурувачот веднаш или

најкасно во рок од
3 дена.
(5) Доколку против осигуреникот или против лицето за кое осигуреникот одговара е покрената судска постапка, поднесена тужба односно е издадена судска пресуда, осигуреникот е должен за тоа да го извести осигурувачот иако веќе го пријавил штетниот настан.
(6) Осигуреникот мора водењето на судската постапка да му го одстапи на лицето што ќе го одреди осигурувачот.
(7) Осигуреникот мора обработката на оштетните барања да му ја препушти на осигурувачот поради што оштетните барања нема право да ги отфрли а уште помалку да ги признае.
(8) Кршење на одредбите од овој член има за последица намалување на надоместот за оштета за толку колку што е штетата поради тие прекршоци поголема. Тука се мисли на штетата поради судските трошоци и затезните камати.
(9) Доколку осигуреникот не му овозможи на осигурувачот да ги реши оштетните побарувања со спогодба осигурувачот не е во обврска да ги надомести каматите и трошоците што ќе настанат поради тоа.
(10) Осигуреникот не смее да им гарантира на корисниците на превозот дека со ова осигурување е осигурен и самиот товар (карго осигурување) со што би предизвикал погрешни заклучоци кај корисниците дека се осигурени сите нивни интереси

## УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРЕВОЗОТ

### Член 15

(1) При утврдување на одоворноста на осигуреникот за времетраење на превозот се употребуваат одредбите од прописите:
**за внатрешниот (домашен) сообраќај:**
1) Закон за договорите за превоз во патниот сообраќај,
2) Закон за облигациони односи на Република Македонија,
**за меѓународниот сообраќај и:**
1) Конвенција за договор во меѓународниот превоз на товорот во друмски сообраќај (конвенција ЦМР) - последната ратифицирана верзија.

## ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНИ ПРИ ПОДНЕСУВАЊЕ НА ОТШТЕТНО ПОБАРУВАЊЕ

### Член 16

(1) Доколку оштетеното лице ќе побара оштета од осигуреникот, тој е должен веднаш на осигурувачот да му ги достави сите податоци и документи кои се потребни за решавање на штетата како што се:
1) отштетно побарување;
2) товарен лист (примерокот - приемница);
3) фактура или некој друг доказ за вредноста на товарот и останатите трошоци;
4) комисиски записник од увидот и констатацијата на штетата потпишан од страна на возачот;
5) изјава на шоферот и неговиот совозач за причината и околностите за настан на штетата;
6) докази врз основ на кои осигурувачот ќе може да ја констатира одговорноста на осигуреникот;
7) докази и изјави што осигурувачот за време на решавањето на штетата накнадно ќе ги побарува.
(2) Доколку, од околностите во кои настанала штетата или од доставените документи не е возможно со сигурност да се констатира одговорноста на осигуреникот или висината на штетата, мора осигурувачот на осигуреникот да му даде упатства како да постапува, а тој да ги почитува, за да се одбрани од недокажани, неосновани или претерани отштетни побарувања.
(3) Ако осигурувачот не даде такви упатства, осигуреникот мора како добар домаќин да ги преземе сите потребни мерки за да се заштити пред отштетните побарувања.
(4) Осигуреникот мора веднаш да го извести осигурувачот за мерките што се преземени.

## ДОЛЖНОСТИ НА ОСИГУРУВАЧОТ ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ

### Член 17

(1) Осигурувачот е должен да ги проучи основот и висината на оштетните побарувања, да ги плати неспорните побарувања во рокови што се одредени во прописите на отштетното право и да го брани осигуреникот пред неосновани и претерани отштетни побарувања.
(2) Осигурувачот е овластен во името на осигуреникот да ги дава сите изјави кои се по негово мислење потребни за исплата на штетата.
(3) Осигурувачот ќе ги исплати и трошоците на судската постапка доколку осигуреникот се тужел со негова согласност или ако судската постапка ја води лице овластено од негова страна. Тие трошоци се исплаќаат во целост независно од висината на сумата за осигурување. Ако пак се покрене судска постапка без согласност на осигурувачот, тој ќе исплати само дел на трошоците во сразмер помеѓу сумата за осигурување и досудената сума за надомест на штета.
(4) Осигурувачот ќе ги покрие и трошоците за одбрана само во случај кога се согласил на одбрана и се обврзал за наплата на тие трошоци.

## НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

### Член 18

(1) Надоместот на штетата при тотална или делумна штета или загуба на товарот се пресметува според вредноста на предметите во моментот и во местото на натовар при што мораат да се применуваат и одредбите на ЦМР конвенцијата како и важечките законски одредби што ја ограничуваат висината на одговорноста на осигуреникот за штети на товарот за времетраење на превозот. (2) Осигурувачот во никој случај не е должен да го превземе оштетениот товар или да ги покрие трошоците за неговото уништување.
(3) Целокупниот износ на надоместот на штетата не може да го надмине лимитот на максималното покритие што е назначен во полисата, освен за трошоците од став 2 на член 5 од овие услови. (4) Доколку не е поинаку договорено, осигурувачот ќе го исплати надоместот на штетата намален за 10 % од штетата, но не помалку од 100 Евра и не повеќе од 2.000 Евра (франшиза).
(5) Независно од претходниот став, франшизата кај превоз,натовар и растовар на нови или оштетени возила изнесува 200Евра за секое поединечно возило (освен при настан на сообраќајна незгода, пожар или експлозија на товарното возило) доколку не е поинаку договорено. Откупување на франшизата во овој случај не е можно.

## СИСТЕМ БОНУС МАЛУС

### Член 19

(1) Осигурувачот ќе му пресмета на осигуреникот бонус-малус на износот од годишната премија во зависност од неговиот осигурително-технички резултат во периодот од три години.
(2) Осигурувачот ќе му пресмета на осигуреникот бонус-малус према следнава табела:

| Технички резултат за последните 3 (три) години | % на намалување (бонус) односно зголемување (малус) на основната премија |
|---|---|
| под 47% | Намалување за половина од разли помеѓу 47 % и процентот на техничкиот резултат |
| од 47 % до 77 % | Без намалување или зголемување |
| над 77 % | Зголемување за половина од разликата помеѓу техничкиот резултат и 77 % |

(3) Независно од назначениот систем на бонус-малус, максималниот малус не смее да биде повисок од 200 % од основната премија.

## ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ – ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ
**Член 20**

Договорот за осигурување може да се склучи:
1) со определен рок на траење и
2) со неодреден рок на траење, кој се продолжува од година во година.

## ПОЧЕТОКОТ НА ДЕЈСТВО НА ОСИГУРУВАЊЕТО
**Член 21**

(1) Ако поинаку не е договорено, договорот за осигурување произведува свое дејство почнувајќи од дваесет и четвртиот час на денот што е означен во полисата, како ден на почетокот на траењето на осигурувањето, па сé до завршувањето на последниот ден на рокот за кој е договорено осигурувањето.
(2) Ако рокот на траењето на осигурувањето не е определен со договор, секоја страна може да го раскине договорот со денот на стасаноста на премијата, известувајќи ја писмено другата страна најдоцна три месеци пред стасаноста на премијата. Во тој случај договорот за осигурување престанува со истекот на дваесет и четвртиот час на последниот ден од тековната година на осигурувањето.
(3) Ако осигурувањето е склучено на рок подолг од пет години, секоја страна може по истекот на овој рок при отказен рок од шест месеци, писмено да и изјави на другата странка дека го раскинува договорот.
(4) Со договорот не може да се исклучи правото на секоја страна да го раскине договорот како е претходно наведено.
(5) Ако договорувачот на осигурувањето го раскине договорот склучен на рок подолг од 5 години, должен е да ја плати разликата на премијата со одобрен попуст за времетраењето на осигурувањето.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ
**Член 22**

(1) Обврската на осигурувачот од осигурувањето почнува освен ако поинаку не се договори, по истек на дваесет и четвртиот час од денот кој во полисата е назначен како почеток осигурувањето - ако до тој ден е платена премијата, а инаку по истек на дваесет и четвртиот час од денот на уплатата на премијата.
(2) Ако е договорено премијата да се плаќа по склучувањето на договорот, обврската на осигурувачот да го исплати надоместот од осигурувањето почнува од денот определен во договорот како ден на почеток на осигурувањето.
(3) Може да се договори обврската на осигурувачот да почнува од моментот на склучување на договорот за осигурување.
(4) Ако договорувачот на осигурувањето, премијата што стасала по склучувањето на договорот не ја плати до стасаноста, ниту тоа го стори некое друго заинтересирано лице, договорот за осигурување престанува според самиот закон - по истекот на рокот од 30 дена од кога на договорувачот на осигурувањето му е врачено препорачано писмо од осигурувачот со известување за стасаноста на премијата, но со тоа што тој рок да не може да истече пред да поминат 30 дена од стасаноста на премијата.
(5) Во секој случај, договорот за осигурување престанува според самиот закон, ако премијата не биде платена во рок од една година од стасаноста.
(6) Обврската на осигурувачот престанува:
1) кај договор за осигурување со определен рок на траење со истек на двасесет и четвртиот час од денот кој во полисата е означен како ден на истек на осигурувањето, ако не е поинаку договорено, односно ако во Условите или со одделните Услови за осигурување за поедини класи на осигурување не е одредено поинаку;
2) кај договор за осигурување со неодреден рок на траење, ако во полисата е означен само почетокот на осигурувањето - осигурувањето со примена на став 4 и 5 од овој член, се продолжува од година во година, освен ако некоја од договорените страни, најкасно три месеци пред истекот на тековната година од осигурувањето, писмено ја извести другата страна дека не сака да го продолжи договорот за осигурување. Во тој случај, договорот за осигурување престанува со истекот на дваесет и четвртиот час на последниот ден од тековната
година на осигурувањето.

## ПРЕМИНУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОСИГУРЕНИКОТ ВРЗ ОСИГУРУВАЧОТ - СУБРОГАЦИЈА
**Член 23**

(1) Со денот на исплата на надоместот на оштета преминуваат на осигурувачот до висината на исплатата сите права од осигуреникот према лицето што е на било кој начин одговорно за настанот на штетата.
(2) Осигуреникот е должен да стори се што е потребно да се овозможи правото на регрес од лицето кое е одговорно за настанот на штетата.
(3) Доколку осигуреникот не му овозможил на осигурувачот да вложи регресно побарување од лицето кое е одговорно за настанот на штетата, осигурувачот е во извесна мера ослободен од обврските према осигуреникот.

## ПРОМЕНА НА АДРЕСАТА И МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕ
**Член 24**

(1) Осигуреникот мора да го извести осигурувачот за промената на адресата на својот стан,односно седиштето или за промената на своето име, односно името на фирмата во рок од 15 дена од денот на промената.
(2) Доколку осигуреникот ја променил адресата на живеење, односно седиштето или своето име, односно името на фирмата, а за тоа не го известил осигурувачот доволно е осигурувачот извесутвањето кое мора да му го соопшти на осигуреникот да го испрати на адресата на неговото последно постојано живеалиште или седиште или да го адресира на последното познато име, односно фирма.

## ПРЕТСТАВКИ ОД ОСИГУРЕНИЦИ
**Член 25**

(1) Осигуреникот, корисникот на осигурување или трето оштетено лице има право да поднесе претставка до Друштвото за осигурување доколку смета дека Друштвото не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, согласно Законот за супервизија на осигурување.
(2) Друштвото за осигурување е должно да се произнесе по претставката на осигуреникот/корисникот на осигурувањето/трето оштетено лице во рок од 30 дена од денот на поднесување на претставката.
(3) Доколку не е задоволен од одговорот на Друштвото за осигурување или ако Друштвото за осигурување не одлучи и писмено не го извести во рокот од 30 дена од денот на поднесувањето на претставката, осигуреникот/корисникот на осигурување/третото оштетено лице има право да поднесе претставка/жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно Законот за супервизија на осигурување и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

## ПОСТАПКА НА ВЕШТАЧЕЊЕ
**Член 26**

(1) Секоја од договорните страни може да бара одредени спорни факти да ги утврдат вештаци. Барањето се доставува во писмена форма до другата договорна страна. Ако другата договорна страна се сложува со тоа, се пристапува кон постапка на вештачење.
(2) Секоја договорна страна писмено именува свој вештак. Избраните вештаци пред почетокот на работата избираат трет

вештак, како претседател кој не може да биде од редовите на лицата кои се во работен однос со осигурувачот и осигуреникот.
(3) Вештаците му предаваат на осигурувачот и осигуреникот по еден примерок од својот писмен наод во определен рок. Ако наодите на вештаците меѓусебно отстапуваат, осигурувачот, нивните писмени наоди веднаш ќе му ги предаде на третиот вештак, кој своето стручно мислење го дава само во границите на
констатациите од двата вештаци.
(4) Констатациите на вештаците се задолжителни за двете страни.
(5) Секоја договорна страна ги сноси трошоците за вештакот што го бира и половина од трошоците за третиот вештак.

**НАДЛЕЖНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР**
**Член 27**

(1) Во случај на спор помеѓу договорувачот на осигурувањето - осигуреникот и осигурувачот, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на седиштето на осигурувачот.

**НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**Член 28**

(1) Сите известувања и пријави што договорувачот на осигурувањето е должен да ги направи во смисла на одредбите од овие и други услови на осигурување, задолжително треба писмено да се потврдат ако се направени усно, преку телефон, телеграма или на било кој друг начин.
Како ден на приемот на известувањето, односно пријавата ќе се смета денот кога е примено известувањето, односно пријавата. Ако известувањето односно пријавата се испраќа препорачано, како ден на приемот ќе се смета денот на предавањето во пошта
(2) Спогодбите што се однесуваат на содржината на договорот важат само ако писмено се склучени.

**ИЗМЕНИ НА УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ТАРИФАТА НА ПРЕМИИ**
**Член 29**

(1) Ако осигурувачот ги измени Условите за осигурување или Тарифата на премии, должен е за тоа писмено, или на друг погоден начин, да го извести договорувачот на осигурувањето најдоцна шеесет дена пред истекот на тековната година на осигурувањето.
(2) Договорувачот на осигурувањето има право да го откаже договорот за осигурување во рок од шеесет дена од денот на приемот на известувањето. Во тој случај, договорот за осигурување престанува да важи со истекот на тековната година на осигурувањето.
(3) Ако договорувачот на осигурувањето не го откаже договорот за осигурување во рокот од став 2 од овој член, договорот за осигурување во почетокот на наредниот период на осигурувањето се менува во сообразност со извршените измени во Условите за осигурување, односно Тарифата на премии.

**ПРОМЕНА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
**Член 30**

(1) Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот за: промена на адресата на живеење, односно седиштето, промена на своето име или презиме, односно називот на фирмата, промена на трансакциска сметка, промена на телефонски број за контакт, во рок од 15 дена од денот на настанување на промената.
(2) Доколку осигуреникот ги променил личните податоци наведени во точка 1 од оваа одредба, а за тоа не го известил осигурувачот, осигурувачот известувањето кое мора да му го соопшти на осигуреникот ќе го испрати на адресата на неговото последно живеалиште или седиште или ќе го адресира на последното познато име и презиме, односно назив на фирма.
(3) Во случај кога обидот да се достави препорачаната пратка до осигуреникот нема да биде успешен (поради преселување или одбивање да се прими), осигурувачот вратената пратка ќе ја смета како уредно доставена и ќе ја депонира во своето седиште. осигуреникот се согласува дека вратените недоставени пратки се сметаат за примени од денот на првиот обид за доставување и дека е запознат со содржината на пратката.

**ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
**Член 31**

(1) Осигуреникот, согласно Законот за заштита на личните податоци изречно се согласува неговите лични податоци да се користат за натамошна обработка од страна на осигурувачот во својство на контролор и од страна на обработувачи на лични податоци за спроведување на конкретните права и обврски од договорот за осигурување, каде осигуреникот е договорна страна или на барање на осигуреникот, пред негово пристапување кон договорот.
(2) Осигуреникот изречно се согласува и го овластува осигурувачот во интерес на работата, а во врска со правата и обврските кои произлегуваат од овој договор, да се интересира за неговите лични податоци (адреса на живеење, вработеност, имотна состојба и примања) кај одговорните државни органи или било која друга надлежна институција, и истите да ги употреби доколку е тоа потребно за извршување на одредбите од овој договор.
(3) Осигуреникот му дозволува на осигурувачот неговите лични податоци да бидат дадени на користење и на други надлежни институции кои за тоа поднеле писмено барање, а во врска со извршување на нивните редовни работи во согласност со закон.
(4) Личните податоци на осигуреникот можат да се користат само во рамките на работите кои произлегуваат од правата и обврските на овој договор и се чуваат во законски утврдените рокови. осигурувачот се обврзува дека личните податоци на осигуреникот внимателно ќе ги чува во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

**НАДЛЕЖЕН ОРГАН**
**Член 32**

(1) Надлежен орган за супервизија врз работењето на друштвото за осигурување е Агенцијата за супервизија на осигурување, до која осигуреникот/корисникот на осигурувањето/третото штетено лице може да достави претставка/жалба во однос на друштвото за осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување.

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**Член 33**

Овие Услови влегуваат во сила и ќе се применуваат со денот на донесувањето со што престануваат да важат Условите за осигурување од одговорност на превозникот во друмски сообраќај, донесени на седница на Одборот на директори со датум на примена од 16.12.2015 година.

***САВА осигурување, а.д. Скопје***
***Одбор на директори***
***Претседател***
***Рок Мољк***